**РЕЗИМЕ ЗА ПРОЕКТОТ**

| | |
|---|---|
| Назив на проектот | Safe Journalists Network / Мрежа на Безбедни Новинари |
| Поддржано од | Европска унија |
| Програма | Support to Regional thematic networks of Civil Society Organisations - EuropeAid/174154/DH/ACT/Multi |
| Улога на ЗНМ | Партнер на проектот |
| Партнери во проектот | Независно здружение на новинари на Србија (водечки партнер), Здружение на новинари од БХ, Здружение на новинари на Косово, Синдикат на медиуми на Црна Гора, Хрватско новинарско здружение, Здружение на новинари на Македонија |
| Вкупен буџет за ЗНМ | EUR 223, 405.30 |
| Грант од донаторот | EUR 201,064,50 |
| Период на реализација | 1 април 2023 – 31 јули 2026 |
| Територија | Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Црна Гора, Србија и Северна Македонија |
| За проектот | **Резиме** |
| Контекст | Мрежата SafeJournalists, која делува во седум земји на Западен Балкан, беше основана во 2015 година како одговор на континуираниот пад на безбедноста на новинарите и медиумските слободи во Западен Балкан и потребата за поголема меѓусебна солидарност меѓу новинарите и медиумската заедница во регионот. Напредокот е бавен, а развојот најдобро се опишува во најновото резиме на регионалните извештаи во кои се наведува „...недостаток на транспарентни и инклузивни процедури за да се направат процесите на медиумските реформи во сите седум земји делумно или целосно транспарентни и инклузивни, но во исто време доста бавно или декларативно, поради различни политички и бизнис интереси и немање волја на властите да ги прифатат предлозите на новинарските здруженија“. |
| Цел | Да придонесе за создавање на поволна средина во која слободата на изразување целосно се остварува додека насилството, заканите и притисоците врз новинарите се навремено и прецизно следени од органите на прогонот и правосудните органи, како и јавно осудени од владините претставници. |
| Целни групи | Претставници на национални државни институции (вклучувајќи претставници на релевантни министерства, парламентарни групи, независни институции, претставници на органите за спроведување на законот и судски органи); Меѓународни актери со моќ да влијаат на дебатата за политики и делување; Организации на граѓанското општество; Новинари и новинарки, медиумски експерти |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати | - Подобрена правна и институционална рамка за заштита на безбедноста на новинарите, слободата на изразување и информирање<br>- Мрежата на актери вклучени во SafeJournalists, се залага за одржливи решенија за заштита на новинарките и медиумските работници<br>- Локалните новинари во регионот на Западен Балкан, со поголеми знаења да ги бараат своите права како резултат на засилениот ангажман на мрежата SafeJournalists преку локалните иницијативи |
| Носечки активности | Главните активности во рамките на Акцијата вклучуваат мониторинг, анализа и известување; стратешко застапување на клучните национални и меѓународни засегнати страни; градење капацитети (вклучувајќи ги и членовите на мрежата на SafeJournalists и партнерите од граѓанското општество преку инструментот за мали грантови) и вмрежување – со локални, регионални и меѓународни чинители за размена на знаења и идеи. |
| Лого (на донаторот) | |